АМСМ
УСЛУГИ
ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА
Друштво за услуги за инспекција и испитување на возила
ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Бр. 03-704 / 26.10 2010 год.

# ДЕЛОВНИК
# за работа на Координативното тело во рамки на АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА СКОПЈЕ - АКРЕДИТИРАН ТРЕНИНГ ИНСТИТУТ -АТИ

Скопје, октомври 2010 година

Врз основа на одредбите од Правилникот за организација на работата и систематизација на работите и работните задачи на АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ-Скопје и Одлуката за формирање на координативно тело во рамките на АМСМ АТИ бр. 03-379 од 29.06.2010 година, Координативното тело во рамки на АМСМ АТИ, на седницата одржана на ден 29.09.2010 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК
# за работа на Координативното тело во рамките на АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА – Акредитиран Тренинг Институт- АТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се уредуваат начинот и постапката за работа на Координативното тело во рамките на АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА - АТИ, поради структурата на функционирање на овластениот Тренинг институт на ИРУ Академијата согласно акредитирањето на АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ-Скопје во рамки на образложението во Одлуката за формирање на Координативното тело во рамките на АМСМ АТИ бр. 03-379 од 29.06.2010 година

**Член 2**

Координативното тело во рамките на АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА АТИ (во понатамошниот текст: Координативно тело) има задача да ја контролира работата на Тренинг институтот на ИРУ Академијата согласно акредитирањето на АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ СКОПЈЕ, да се грижи за негова промоција и задржување на квалитетот на обуката, начинот на спроведување на испитите и начинот на работа на Институтот за едукација.

**Член 3**

Членовите на Координативното тело ќе ја контролираат работата на Тренинг институтот на ИРУ Академијата врз основа на извештаите од спроведените активности и распоредот на активности за тековната година, што членот од АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА СКОПЈЕ ќе ги доставува на секоја седница.

**Член 4**

Со Координативното тело претседава претставник од Министерството за транспорт и врски.

Составот на членовите на Координативното тело е утврден во Одлуката за формирање на Координативното тело во рамките на АМСМ АТИ бр. 03-379 од 29.06.2010 година.

Во случај на отсуство на претседателот на координативното тело, со седницата ќе претседава член од претставниците на Координативно тело од Одлуката за формирање во рамките на АМСМ АТИ бр. 03-379 од 29.06.2010 година.

Членот кој ќе претседава со седницата ќе се гласа на самата седница од присутните членови.

Стручните и административните работи на Координативното тело ги врши членот од АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ Скопје, во функција на секретар.

## II. Начин на работа на Координативното тело

**Член 5**

Седниците на Координативното тело се одржуваат во еден работен ден, еднаш во месецот, а по потреба и вонредна седница во зависност од итност за нејзино одржување.

Од секоја седница на Координативното тело се води записник од страна на секретарот на Координативното тело.

Во записникот се внесуваат основните препораки, насоки, мислења и заклучоки по кои треба да постапува Координативното тело до наредната седница.

Координативното тело подготвува Годишен извештај за својата работа кој се разгледува и усвојува на првата седница од наредната година.

**Член 6**

Координативното тело објавува информација од секоја седница на веб страната на АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА.

На веб страната на АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА се објавуваат Одлуката за формирање на Координативното тело во рамките на АМСМ АТИ бр.03-379/29.06.2010 година и нејзини измени и дополнувања, дневниот ред на седниците во тековната година, како и други значајни акти.

**Член 7**

На почеток на седница на Координативното тело се усвојува Записникот од претходната седница.

**Член 8**

Секоја седница на Координативното тело се одржува со присуство на вкупното членство или најмалку 2/3 од членството.

Во случај на немање кворум за одржување на седница, истата се презакажува за нареден пат, но не подолго од три дена.

За отсуство на член на седница на Координативното тело од одредени оправдани причини (службен пат, болест, годишен одмор) е должен да го извести секретарот на Координативното тело.

**Член 9**

Претседателот на Координативното тело свикува седница во определен ден во неделата, со покана во писмена форма, најмалку 5 работни денови пред одржување на седницата.

Во случај на промена на датумот за одржување на седницата, членовите на Координативното тело се информираат во најкраток рок.

Претседателот на Координативното тело може да свика седница и во рок пократок утврден во став 1 од овој член.

**Член 10**

Вонредна седница на Координативното тело може да свика претседателот на Координативното тело и на барање на член/членови во Координативното тело.

**Член 11**

Покрај членовите на Координативното тело на седниците можат да присуствуваат и други лица од други институции кои ќе бидат поканети во својство на експерти доколку се разговара на седницата по точка од нивниот делокруг на работа.

**Член 12**

Активностите кои ќе бидат предмет на разгледување и одлучување на седница на Координативното тело се дадени во дневен ред на седницата, кој се доставува со поканата за свикување на седница.

Координативното тело може да расправа и да одлучува само за активности кои се уредно ставени на дневен ред.

Координативното тело може да расправа и за активности кои не се ставени на дневен ред, а се неопходни за постапување.

Секој член на Координативното тело има право во било кое време да поднесува иницијатива за вклучување на точки во дневниот ред на седницата, а да произлегуваат од работата на Координативното тело.

**Член 13**

Членовите на Координативното тело се должни особено:

- да го презентираат ставот на органот кој го претставуваат;
- да дискутираат за активности односно прашања, насоки, предлози, сугестии, заклучоци и други прашања што ги усвојува Координативното тело;
- да обезбедат реализирање на истите наведени во алинеја 2 на став 1 од овој член;
- да го презентираат мислењето на органот кој го претставуваат од аспект на нивна надлежност.

**Член 14**

За работата во Координативното тело, на членовите им се исплаќа надомест за седница која се одржува еднаш во месецот.

Висината на надоместот се определува со Одлука донесено од страна на АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ Скопје.

**Член 15**

Овој деловник влегува во сила со денот на негово донесување.

Бр. 03-704
26.10.2010
Скопје

Претседател,
Стевчо Јолакоски

АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА
Друштво за услуги за инспекција и испитување на возила
ДООЕЛ увоз-извоз Скопје